**З А П И С Н И К**
**од Деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деветтата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 26.6.2017 година**

Седницата започна во 14:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.
Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии.

На седницата присуствуваа и Јоханес Хан, еврокомесар за европска добрососедска политика и преговори за проширување, Самуел Жбогар, амбасадор на Европската Унија во Република Македонија и членови на Делегацијата на Европската Унија.

Од седницата отсуствуваше Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ИТНИ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка** 1

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, од свое лично име, од име на Владата на Република Македонија и од име на граѓаните на Република Македонија, им посака добредојде на еврокомесарот за европска добрососедска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан и амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар. Истакна дека е голема чест што се присутни на тематската седница на Владата посветена на Итните реформски приоритети, коишто се од огромно значење за перспективите на Република Македонија.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ја потврди силната посветеност на Владата во однос на европските интеграции кои се државна и стратешка определба. Нагласи дека Владата е високо мотивирана и подготвена да спроведе суштински реформи, со цел добивање позитивна оценка од страна на Европската комисија во следниот извештај за напредокот на државата, како и за добивање безусловна препорака за почеток на преговорите за членство во Европската Унија, до крајот на оваа година.

Согласно ова, го презентира Патоказот за реализација на Итните реформски приоритети, кој е изработен од Меѓуресорска работна група, предводена од самиот тој, којашто ги дефинирала приоритетите, мерките, институциите носители на реформите и роковите за реализација.

Ќе се спроведуваат реформи во следните клучни области: владеење на правото, професионални државни институции, независни регулаторни тела, слободни медиуми, согласно Договорот од Пржино, имплементација на забелешките на експертската група на Европската комисија предводена од Рајнхард Прибе, Охридскиот рамковен договор, како и извештаите на Европската комисија за напредокот на Македонија, извештаите на ОБСЕ и ОДХР, препораките на Венецијанската комисија и на други европски институции и организации.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, нагласи дека Владата е целосно свесна за одговорноста што ја има како предводник на реформскиот процес и поради тоа политичката одлука е истата да биде отворена и инклузивна за целиот експертски капацитет со којшто располага државата, за академската заедница и за граѓанскиот сектор.

Еврокомесарот за добрососедска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан ја изрази својата добра волја за соработка и ја поздрави заложбата на претседателот на Владата и заложбата на целата Влада да започне со секојдневна работа на иднината на земјата, на реформите, на евроатлантската перспектива на земјата и се што ќе овозможи ваквата перспектива да се оствари. Го пофали дефинирањето на документот наречен „патоказ", но ги нагласи и очекувањата Владата да се соочи и справи со големите предизвици кои претстојат.

Јоханес Хан се заблагодари на амбасадорот на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар и на неговиот тим за одличната работа во изминатите месеци и изрази надеж за продолжување со исто темпо во иднина.

Ја истакна важноста граѓанското општество да се опфати со конкретни прашања од реформите, поради тоа што самата цел на реформите првенствено треба да биде во служба на граѓаните на Република Македонија.

Ја истакна потребата од донесување на квалитетни закони кои ќе бидат усогласени со европското законодавство и кои во иднина би влијаеле на преговорите за членство и потенцираше дека најбитен е квалитетот на донесените закони, а не брзината на нивно донесување.

Особено ја нагласи потребата да се врати довербата во судството, што е од суштинско значење за македонските граѓани, но исто така, и поради фактот што доброто стабилно судство ја прави земјата атрактивна за странските инвеститори.

Нагласи дека европската и меѓународната заедница ги поздравија напорите во областа на регионалната политика во Западен Балкан и се заблагодари за подадената рака на соработка до непосредните соседи и направените државни посети во Република Бугарија и Република Грција.

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, истакна дека во услови на комплексна коалиција во извршната власт, Владата треба да донесе длабоки и резолутни реформи.

Го презентира Акцискиот план – Патоказ за реализација на Итните реформски приоритети, наречен „3.6.9." бидејќи опфаќа мерки и реформи коишто треба да се спроведуваат во наредните три месеци до претстојните локални избори, во наредните шест месеци до состанокот на Советот на Европската Унија и во наредните девет месеци до априлскиот извештај на Европската комисија. Накратко ги образложи клучните и конкретните насоки за планираните реформи:

- Прифаќање на сите препораки на ОБСЕ, ОДХР и Венецијанската комисија со цел организирање на фер и кредибилни избори;

- Во делот на работата на Собранието на Република Македонија, надзорот над работата на Владата, на безбедносните и разузнавачките служби да биде редовен, рутински, транспарентен и инклузивен;

- Кохабитација со Претседателот на државата, со цел нормално функционирање на институциите;

- Финална фаза на имплементација на Охридскиот рамковен договор;

- Граѓанското општество како рамноправен партнер;

- Во делот на медиумите, партнерство со асоцијациите и граѓанскиот сектор, со цел ослободување на медиумскиот простор од било какви институционални и персонални влијанија;

- Реформа на јавната администрација, со цел градење департизирана професионална, квалитетна и сервисно ориентирана администрација;

- Во делот на судската реформа, прифаќање на забелешките и препораките на Европската комисија, Венецијанската комисија и ГРЕКО, со цел изградба на независен, професионален и ефикасен судски систем;

- Реформа на безбедносните служби, борба против организираниот криминал и корупцијата, започнување на преговорите со Фронтекс.

Понатаму, ги истакна очекувањата Европската Унија да испорача чиста препорака до крајот на годината, доколку Република Македонија оствари значителен напредок согласно реформите и одржувањето на фер и демократски локални избори.

Д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, истакна дека како заменик за европски прашања се грижи и за правната рамка, односно Спогодбата за стабилизација и асоцијација и побара од еврокомесарот Јоханес Хан да го

поттикне Советот на Европската Унија да ја прифати и да даде позитивно мислење на одлуката за премин во втората фаза на Спогодбата.

Во својство на Национален ИПА координатор, ја потенцира свесноста за нискиот степен на апсорпција на овие фондови, за слабостите кои ги има македонскиот систем и побара поддршка за реформа на истиот. На крајот, замоли за поместување на рокот за донесување на ревидирана Стратегија за реформа на праводуството, со цел да се избегне губење на средства во услови кога истите се потребни за реформа во овој сектор.

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров истакна дека суштината на мандатот на оваа Влада е да изгради европска демократија во којашто ќе владее правото. Задачата на дипломатијата во новата Влада е да решава проблеми, да гради пријателства и метафорички кажано да „отвора врати“ и „гради мостови“. Отворањето на пристапните преговори со Република Македонија треба да се гледа и од стратешки аспект во насока на долгорочна соработка и кредибилитет на политиката на проширување. Ги нагласи интензивните подготовки за Самитот за Западен Балкан, кој ќе се одржи на 12 јули 2017 година во Трст, Република Италија, каде делегацијата ќе ја предводи претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев. Ќе биде разговарано за инфраструктурно поврзување за што Република Македонија ќе предложи свои проекти, за кои изрази надеж дека ќе бидат прифатени и финансирани.

Ја поддржа иницијативата за регионална економска област и потенцира дека е убеден дека истата ќе придонесе за зближување на регионалните економии и пазари, но и за отворање на регионалниот пазар за нови инвестиции.

Се заблагодари на еврокомесарот Јоханес Хан за неговиот личен ангажман и истакна дека Министерството за надворешни работи во смисла на својата секторска надлежност од Итните реформски приоритети работи на пополнување на испразнетите дипломатски места и инвестира во кохабитација, со цел промовирање и поддршка на професионализацијата на дипломатската служба.

Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски ги образложи приоритетите поставени пред Министерството за внатрешни работи: департизација, деполитизација, декриминизација, реформа на безбедносните служби, зајакнување на независниот механизам за надзорна полиција, ефикасно управување со границите и зголемување на активностите насочени против криумчарење на луѓе. Истовремено, истакна дека двата најбитни приоритети од итните реформи се реформа на системот за следење на комуникациите и борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Работата на реформираното Министерство за внатрешни работи се заснова на принципите на непристрасност, објективност, законитост, одговорност и отчетност. Истакна дека позитивните резултати мора да бидат видливи за јавноста и македонската полиција мора да работи според европски стандарди.

Министерот за правда, Билен Саљији најпрво се заблагодари на претставниците на Европската Унија за континуираната соработка и поддршка, која е од суштинско значење за евроатлантските перспективи на Република Македонија.

Нагласи дека Министерството за правда е целосно посветено на планот за Итни реформски приоритети и во тој контекст ја изрази цврстата подготвеност за прифаќање на препораките на Европската комисија, Венецијанската комисија, Извештајот на групата експерти, како и насоките и укажувањата во сите останати извештаи на релевантните меѓународни организации. Нагласи дека сите тие забелешки ќе бидат инкорпорирани во националното законодавство, а следниот и позначаен чекор ќе биде нивна имплементација во секојдневното работење на институциите.
Министерот за правда истакна дека особено значајна активност на којашто се работи посветено и со забрзано темпо е Стратегијата за реформи во правосудството.

Потенцира дека Министерството за правда во рамки на своите надлежности ќе ги интензивира напорите кон спречување и борба со корупцијата, со цел зголемување на довербата на граѓаните во институциите.

Уште еднаш потенцира дека Министерството за правда ќе го даде својот активен придонес и поддршка на целиот процес за имплементација на сите мерки предвидени во планот за Итни реформски приоритети, сѐ со цел приближување на земјата кон целосна интеграција во Европската Унија.

Заменикот на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика зборуваше за постигнување на општ интерес за сите граѓани на Република Македонија почитувајќи го етничкиот идентитет, преку промоција на проекти за социјална кохезија, за помирување и градење доверба во различни области, сето тоа како предуслов за постигнување на одреден напредок во спроведувањето, но и унапредувањето на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, со тоа што сите институции треба да соработуваат, со цел негова целосна имплементација, како и зајакнување на идентитетот на граѓаните на земјата.

Министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски истакна дека во насока на исполнување на итните реформски приоритети, Министерството за информатичко општество и администрација работи на неколку клучни задачи во насока на реформата на администрацијата и реформата на медиумите. Во однос на реформата на јавната администрација од клучно значење е донесувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација и акциски план за спроведување на истата. Започната е консултативна соработка со сите релевантни чинители од граѓанското општество и институциите, а работните документи ќе бидат испратени до СИГМА за понатамошно ревидирање. Со цел да се обезбеди јавна администрација која има соодветни кадровски капацитети за да работи во служба на граѓаните врз основа на принципите на транспарентност и отчетност, ја нагласи силната политичка волја за преземање на сите потребни мерки за деполитизација на јавната администрација.

Истакна дека исто така, Министерството за информатичко општество и администрација ќе го интензивира процесот на подготовка на Регистар на население, чија цел е да обезбеди агрегирани податоци за сите граѓани.

Во однос на реформата на медиумите, истакна дека Министерството за информатичко општество и администрација ќе работи заедно со Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, во насока на зајакнување на капацитетите и независноста на медиумскиот регулатор и на јавниот радиодифузен сервис. Исто така, нагласи дека Владата силно ќе го поддржи применувањето на етичкиот кодекс во известувањето на медиумите.

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги истакна трите најважни приоритети на Министерството за финансии: транспарентност и отчетност, реформа во даночниот систем и подобрување на ефикасноста на јавните расходи.

Воведувањето на транспарентноста и отчетноста е императив за Владата во целина и во овој процес е најважно остварување на транспарентност кај јавните финансии. Министерството за финансии интензивно работи на финализирање на Стратегијата за управување на јавните финансии, која претставува одличен патоказ за итни реформи на јавните финансии во Република Македонија.

Вториот приоритет – реформата на даночниот систем е со цел да се обезбеди праведност. Предвидено е воведување на прогресивен персонален данок на доход, зголемување на даноците за имот и богатите и посилно оданочување на луксузот.

Третиот приоритет – зголемување на продуктивноста на јавните расходи, ќе започне да се воведува преку ребалансот на Буџетот на Република Македонија. Се настојува да се отстранат или намалат дискреционите трошења на функционерите.

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски заклучи дека предизвиците на Министерството за финансии се големи, но со посветеност на реформите и во координација со Европската Унија можат да се направат значајни чекори во поглед на подобрување на состојбата.

Еврокомесарот за добрососедска политика и преговори за проширување, Јоханес Хан ги поздрави сите реформи кои беа презентирани и истакна дека добивањето на позитивна препорака е и негова цел, а на членовите на Владата им посака среќа во постигнувањето на зацртаните цели и спроведувањето на реформите.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев се заблагодари за вниманието на присутните и потенцира дека реформите се патоказ за приближување кон Европската Унија, но најпрво се потреба на граѓаните и се неопходни за севкупната демократизација на општеството. Уште еднаш изрази благодарност на амбасадорот Самуел Жбогар и мисијата на Европската Унија во Скопје којашто работи професионално сите изминати години, како и на еврокомесарот Јоханес Хан и неговиот тим, коишто во сите услови коишто не биле секогаш лесни биле посветени на Република Македонија и на перспективите на овој регион. Се обврза

на посветена работа на Итните реформски приоритети, заедно со останатите членови на Владата.

**Точка** 2

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**